**Дуропацк**
-АД- Скопје
Бр. 03-4223
20.09. 2012 год.

(1-10773
20.09. 2

| Подготвиле: Служба за набавка и секундарни суровини | ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА | Датум: 19.09.2012 | Издание: 1 |
| --- | --- | --- | --- |

***Склучен помеѓу:***

1. ГД ГРАНИТ АД Скопје Скопје застапувана од Филип Гошев од една страна како корисник на услуга

и

2 ДУРОПАЦК АД-Скопје, застапувана од Антовски Саздо, Директор на Сектор за набавка и секундарни суровини од друга страна како давател на услуга.

***Предмет***

**Член 1**

Странките постигнаа меѓусебна согласност на волја да соработуваат меѓусебно во текот на 2012-2013 год. корисникот на услуга да ја собира целокупната отпадна хартија што ќе ја создаде и ке ја категоризирана по класи, а давателот на услуга да ја превземе истата, според класификацијата (категории) на стара хартија од денот на потпишувањето на овој договор.
Класификацијата на старата хартија е составен дел на овој договор.

***Цена***

**Член 2**

Договорените страни се согласни да не вршат меѓусебно финансиско задолжување за дејствието кои едни на други го вршат.

**Меѓусебни права и обврски**

**Член 3**

***Корисникот е должен:***

1. Да врши прибирање на стара хартија исклучиво за давателот на услугата:
   - Со квалитет:
   - Без присуство на страни материи како метал, алуминиумска фолија, пластика, дрво, кожа, масло, керамика, песок, месо, крзно и сл. хемиски материјали (бои, лакови, смоли, битумен, желатин, растворувачи и др.)

Ниту еддна класа не смее да содржи примеси од : целофан, индиго хартија, битуменизирана, пластифицирана хартија, хартија каширана со алуминиумска фолија, хартии користени за медицински и ветеринарни потреби, хартии премачкани со синтетички премази, фотографски хартии и др. Дозволената содржина на горенаведените контаминирачки состојки кои се туѓи честички за хартијата и истата се прифаќа е до 1 %, Над тој процент нема да се врши прием.

- Дозволената влага на хартијата која се прифаќа е до 10%, Над тој процент нема да се врши прием.

***Давателот е должен:***

1. Да постави контејнер за собирање на хартиените отпадоци;
2. Да ја превземе хартијата по известување од корисникот

***Времетраење на договорот***

**Член 4**

Договорот се склучува за времетраење од 1 ( една )години сметано од денот на потпишувањето.

**Член 5**

Овој Договор е сочинет во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за секоја од договорените страни

***Во Скопје 19.09.2012 год.***

| | |
|---|---|
| ***КОРИСНИК НА УСЛУГА:*** | ***ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА:*** |
| ***ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ*** | ***„ДУРОПАЦК„ АД-СКОПЈЕ*** |